Наместо предговор

Заназан

– Заназан! Еј, Заназан! Сакаш круша?

Заназан има долги трепки и очи со боја на јоргован. Косата ѝ е густа, бакарна, без ниту едно бело влакно. Се вие во непокорни локни на слепоочниците.

Ѝ ја подавам крушата. Гледа втренчено, не го трга погледот.

– Земи ја крушата, Заназан.

Ниша со главата.

Заназан има маслинеста кожа со црвени дамки. Необична е, нема друга како неа.

– Што да те почестам?

Ја покрива устата со опачината на дланката – линијата на животот е нечитка, кратка, се прекинува на половина пат.

– Заназан?

– М?

– Поприкажи си со мене.

Молчи. Прстите ѝ се бледи, долги, на показалецот на левата рака има најобичен прстен. Стои, со смешно скрстени нозе. На глуждот има гребаница во вид на полумесечина.

– Кога стигна да се издраскаш?

Крева рамо. Се насмевнува расеано, буквално во себе.

Сакам да ја прегрнам, да ја притиснам на градите, ама не смеам. Заназан не сака кога ја допираат.

– Да умеев, ќе го насликав твојот портрет.

Гледа недоверливо. По малку двоумење, ја зема крушата.

– Кажи нешто, Заназан.

Си оди, внимателно затворајќи ја вратата зад себе.

Во мислите ја следам како се симнува по скалите – едно скалило, па второ. Се појавува од осојниот влез во дворот облеан од сонце.

– Заназан! Еј, Заназан! – викаат дечиштата.

Заназан оди, не се свртува. Плетенката ѝ е префрлена преку рамо, крајот ѝ е затегнат со смешно ластиче.

Војната ја пречека бремена. Породилните болки се случија за време на бомбардирањето. Брза помош не можеш да повикаш – телефоните молчат, од соседите не можеш да побараш помош – зошто да ги тераш луѓето да си го ризикуваат животот. Трпеше до последно. Кога болката стана неподнослива – се спремија со мажот ѝ и тргнаа в болница. Мажот ѝ го покосија шрапнели, детето не го спасија.

– Заназан! Еј, Заназан! – ја викаат дечиштата.

Таа оди, не се врти.

Живее заедно со старата свекрва.

– На кого ќе те оставам кога ќе си заминам? – плаче свекрвата.

Заназан се насмевнува кротко, безгрижно. Ѝ ја подава крушата.

– М-м-м-м.

Има долги густи трепки и очи со боја на јоргован. Има ли некој видено очи со боја на јоргован? Јас имам. Очите на Заназан.

Задушница



Метаксија Гинаманц излегува од дома многу рано, уште со првите мугри. Јато селски ластовици полетува од кипарисовата шума, кружи во вишините, чкртајќи со острите крилја по небесното платно што брзо светлее. Бесшумно паѓа првата роса – густа, животворна, – ја испраќа ноќта. Еден штурец што го згрешил времето почнува развлечена песна: цррррр, цррррр, цррррр.

– Добро утро, несреќнику, – во мислите се поздравува со него Метаксија. Штурецот, небаре ја слушна, се прекинува себеси на половина здив, стивнува.

Денес е Задушница. По традиција луѓето првин одат на парастос и дури потоа ги посетуваат гробовите. Порано и

Метаксија ја следеше оваа традиција, но еден ден реши дека не е убаво да се остава посетата на покојните за потем: што ќе им е литургијата кога тие се наоѓаат на оној свет, каде што ништо човечко не е важно. Затоа, поубаво би било, оцени таа, на денот на поменот првин да се отиде на гробишта, а дури потоа да се зафати со другите работи. За да ги развее сомнежите, таа отиде по совет кај свештеникот. Тој, откако ја сослуша, закима со главата согласувајќи се – прави како што мислиш дека треба и ако се чувствуваш помирна така... Метаксија се чувствуваше помирна така.

Далеку е до гробиштата. Патот, поплочен со речни камења, кривули меѓу куќите, а понатаму се извива остро и се катери нагоре по падината на ридот, таму, каде што тесно стискајќи се една со друга со ниските оградички, се множат и множат последните почивалишта на бердците. Луѓето си заминуваат така, небаре се натпреваруваат. Се чини сосем неодамна гробот на Размик беше најнакрај, а сега мора да поминеш преку три реда за да стигнеш до него. Метаксија му најде такво место, да има простор и многу небо. Замоли да го стават десно, под сенката на жалната врба. Кога ќе ѝ дојде времето, неа ќе ја стават лево, таа веќе се договори, дури и му даде пари однапред на гробарот Цатур. Цатур не сакаше да ѝ земе пари, но таа инсистираше: „Погледни се – кожа и коски си. Што ако смртта ме земе во зима, во најголемиот студ. Кај ќе најдеш сила да ја копаш замрзнатата земја? А вака ќе си туриш чинивче грав, ќе си каснеш џимиринки, ќе си пивнеш чашка дренковица... И тебе ќе ти биде арно, и мене убаво, оти јас те честам!“ Цатур ги зеде парите, но наредната пролет отиде кај Метаксија и ја ископа градината. „Не можеш да се разделиш од лопатата?“ се пошегува таа. „Се сродивме со неа“, – се насмевна накриво Цатур, налегнувајќи со рамото на дршката.

И така со години. Напролет ќе ја ископа бавчата, наесен ќе помогне во бербата на компирот и пченката. Метаксија најпрвин го убедуваше да не го прави тоа, потоа се смири. Штом доаѓа, значи така треба. Во знак на благодарност, таа